ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА ШТИП
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2022 07 7/1

**Скопје, октомври 2022 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 22 |
| **Финансиски извештаи за 2021 и 2020 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 23 |
| Биланс на состојба | 24 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| - Вовед | 25 - 26 |
| - Сметководствени политики | 26 - 29 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 30 - 35 |


**Прилог бр.1** - Известување за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 13-67/1 од 21.01.2019 година.

**Кратенки користени во извештајот:**

Општината- Општина Штип

РСМ – Република Северна Македонија

ЈП – Јавно претпријатие

ЦРРСМ- Централен регистар на РСМ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:26-121/14

Дата: 19.10.2022 година

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Штип, сметка на основен буџет (630), за 2021 година.
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2017 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата за 2021 година беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2017 година презентирано како прилог кон овој Извештај, при што е констатирано дека четири препораки се спроведени, една е делумно спроведена, а шест се неспроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општината, сметка на основен буџет (630), за 2021 година ги констатиравме следниве состојби:

- при оценка на системот на внатрешни контроли, кај процесот на пресметка и наплата на локални даноци, такси и надоместоци утврдени се ризици кои влијаат на целосната и точната наплата на приходите;
- базата на обврзниците за комунална такса за фирма не е усогласена со официјалните податоци од ЦРРСМ;

- податоците за вредноста на имотот на приватните и физичките лица во општината кои служат како основ за пресметка на даноците на имот потекнуваат од 2010 година и до моментот на вршење на ревизијата не се преземени активности за нивно ажурирање;
- Општината има 3.815 нерешени барања за утврдување правен статус на објекти при што утврдивме дека не е воспоставен систем за следење на статусот на предметите и нивно навремено решавање;
- за ненаплатените локални даноци, такси и надоместоци не се преземаат активности за присилна наплата на долгот и не се пресметува камата за секој ден задоцнување;
- надзорот над наплатата на таксата за привремен престој кај субјектите кои даваат таков вид на услуга не е соодветно документиран и не е донесена Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност од страна на Советот;
- надоместокот за одржување на јавна чистота е делумно наплатен, додека пак Општината не остварила приходи од комунална такса за користење на музика во јавните локали и комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории на правните лица;
- издавани се одобренија за промена на инвеститор во случаи кога е во важење договор за отуѓување на градежно неизградено земјиште кој не е исполнет;
- годишниот надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола не се пресметува редовно и точно;
- постои неусогласеност помеѓу податоците во сметководствената и даночната евиденција на побарувањата, искажани се застарени побарувања чија наплата е неизвесна, а за дел од остварените приходи не се евидентираат побарувања.

Во останати прашања, ревизијата ги истакнува состојбите во врска со системските слабости во законската регулатива, односно поради недореченост во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа за:

- комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ;
- Општината располага со податоци за склучените договори за концесија за експлоатација на минералните суровини и врши увид на уплатените средства

од концесиските надоместоци, но нема можност да ја потврди нивната целосност и точност и

- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица.

Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 26-121/9 од 07.09.2022 година.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 24 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Штип на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2017 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општината, застапувано од:

- Сашко Николов - градоначалник на Општина Штип од 22.12.2020 до 23.10.2021 година;
- Иван Јорданов – градоначалник на Општина Штип од 24.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на Општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на Општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во РСМ и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на Општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година, презентирано како прилог кон овој Извештај, при што е констатирано дека четири препораки се спроведени, една е делумно спроведена, а шест се неспроведени. Во Прилог 1. дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 14.07.2022 година.
Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 26-121/9 од 07.09.2022 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, дефинирано е дека Општината се финансира од сопствени извори на приходи кои помеѓу другото опфаќаат локални даноци, такси и надоместоци утврдени со закон кои се наплаќаат врз основа на издадени решенија. Утврдувањето на даночните обврзници, евидентирањето и наплатата на побарувањата како и изготвувањето на решенијата се вршат во даночен софтвер развиен за управување со даночниот процес на Општината.

При анализа на процесот на пресметка и наплата на приходите од локални даноци, такси и надоместоци ревизијата имаше за цел да ја оцени ефективноста на воспоставениот систем на интерни контроли преку добивање уверување дека контролите ги покриваат ризиците односно можните настани кои имаат

влијание врз целосно и навремено остварување на приходите. Имено, контролите во овој процес треба да гарантираат дека:

- сите решенија ќе бидат издадени врз основа на уредна документација и за истите ќе се уплати соодветен/ точен надоместок и ;
- наплатените приходи се комплетни и соодветно евидентирани во сметководствената евиденција.

Со увид во процесот на пресметка и наплата на приходите за локални даноци, такси и надоместоци го констатиравме следното:

- годишните задолжувања (облогателни листи) кои ги генерира даночниот софтвер а врз основа на кои се изготвуваат решенијата за локални даноци, такси и надоместоци не е потпишана од страна на овластено лице;
- не е обезбедено разграничување на одговорностите во процесот на наплата на приходите. Имено, едно лице ги изготвува облогателните листи, решенијата за локални даноци, такси и надоместоци и опомените за неплатено побарување, а истите не се одобрени и контролирани од страна на раководител на одделението за администрирање на приходи од причина што работното место во 2021 година не е пополнето.

Утврдените состојби не се во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола поради што постои ризик од грешки при пресметка и наплата на локалните даноци, такси и надоместоци.

**Препорака**

Одговорните лица вклучени во процесот на пресметка и наплата на локалните даноци, такси и надоместоци да ги преземат следните активности:

- годишните задолжувања (облогателни листи) да се одобруваат од страна на овластено лице;
- да се обезбеди поделба на должностите во процесот на пресметка и наплата на локалните даноци, такси и надоместоци.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2021 година се издадени 2.412 решенија за комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија, во вкупен износ од 13.121 илјади денари од кои се наплатени 42%, а остварени се приходи во вкупен износ од 7.719 илјади денари. Со извршениот увид во евиденцијата и приложената документација за одделни обврзници, ги констатиравме следниве состојби:

- базата на обврзниците за комунална такса не е комплетна, односно истата не е усогласена со официјалните податоци од ЦРРСМ. Имено, на барање на ревизијата од страна на ЦРРСМ доставена е база на податоци за регистрирани правни лица и подружници на територијата на Општината

согласно која бројот на правни субјекти изнесува 2.746 и 946 подружници, додека пак бројот на правни лица евидентирани во даночната база на Општината е помал за 334 правни лица и подружници. Ова се должи на тоа што при изготвување на решенијата за тековната година не се врши автоматско усогласување на обврзниците врз основа на официјални податоци обезбедени од ЦРРСМ;

- од страна на Општината воспоставена е пракса при изготвувањето на решението за тековната година да се достави и опомена за неплатени долгови од минати години за комунална такса за фирма. Во случај кога обврзникот нема да ја плати комуналната такса и по доставената опомена од страна на Општината, не се преземаат дополнителни активности за присилна наплата на побарувањата и пресметка на камати за ненавремено наплатена такса. Утврдената состојба не е во согласност со член 16 од Законот за комунални такси, член 53 и член 73 од Законот за даноците на имот.

Наведените состојби создаваат ризик од неточна пресметка при утврдување на висината на комуналната такса, нереално искажување на побарувањата за кои наплатата е неизвесна и влијае на целосната и навремената наплата на приходите по овој основ што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите

**Препорака**

Одговорните лица вклучени во процесот на пресметка и наплата на комуналната такса за фирма да ги преземат следниве активности:

- континуирано усогласување на даночната база на Општината со официјалната база на правни лица на ЦРРСМ;
- преземање на активности за присилна наплата на неплатени обврски за комунална такса за фирма и пресметка на законска камата за периодот за кој настанало задоцнувањето со плаќање.

4.2.2. Во текот на 2021 година по основ на даноци на имот на физички и правни лица, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности Општината има остварено приходи во износ од 92.474 илјади денари. Со извршениот увид во приложената документација констатиравме дека податоците со кои располага Општината за вредноста на имотот на даночните обврзници потекнуваат од 2010 година. До моментот на вршење на ревизијата не се преземени активности за ажурирање на пазарната вредност на имотот за која постои можност во период од 11 години значително да се промени. Проценка на вредноста на имотот се врши само во случај на промена на сопственоста.Утврдената состојба не е во согласност со член 5 од Законот за даноците на имот и член 37-б од Законот за буџетите и создава ризик дека пресметката на данокот не се врши врз основа на реалната пазарна вредност

на имотот што влијае на целосноста и точноста на наплатените приходи по овој основ .

**Препорака**

Градоначалникот на Општината и лицата вклучени во процесот на пресметка и наплата на даноците на имот да преземат активности за ажурирање на пазарната вредност на имотот со кој располагаат даночните обврзници на територија на Општината.

4.2.3. Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти општините се надлежни за утврдување на правен статус на објекти од локално значење. До денот на вршење на ревизијата Општината има 3.815 нерешени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти што претставува 29% од вкупно поднесените барања.
Соодносот на поднесени и решени барања за утврдување на правен статус на објект со состојба во 2021 година е прикажан на Графикон бр.1

Графикон бр.1.




Со извршениот увид водокументацијата констатиравме дека не е воспоставен систем за следење на статусот на предметите и нивно навремено решавање, а при постапувањето по барањата не се почитуваат законските рокови во однос на носење на решение[1] во постапката. Горенаведените состојби не се во согласност со член 10 став 1, член 11 став 1 и став 2, член 20 став 1 и член 21 став 1 и 2 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти.

[1] одлучување по барањата и преземање соодветни правни дејствија за запирање на постапката, одбивање на барањето или уважување на барањето за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти

Големиот број на нерешени предмети за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти влијае на остварувањето на приходите кои Општината ги наплаќа по овој основ и генерира голем број на нерешени имотно правни односи на територија на Општината.

**Препорака**

Градоначалникот на Општината и лицата вклучени во процесот на утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти да преземат мерки и активности за решавање на барањата за утврдување на правен статус на објект во законски предвидените рокови.

4.2.4. Согласно Законот за комунална такси, по основ на решенија за комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност во текот на 2021 година наплатени се 1.833 илјади денари. Во текот на годината се издадени 205 решенија, од кои се наплатени 52%. Со извршениот увид во приложената документација ги констатиравме следниве состојби:

- решенијата се изготвуваат само врз основа на поднесено писмено барање за користење на простор, без да се изврши увид на лице место за потврдување на точноста на прикажаната површина на просторот во барањето, и постои ризик таксата да не е пресметана согласно метар квадратен корисна површина уредено со член 5 став 4 од Законот за комунални такси;
- не се преземени активности за утврдување/детектирање на правни лица или вршители на дејност кои користат простор, а немаат поднесено барање за користење;
- не се издаваат опомени за ненаплатени долгови, не се преземаат активности за присилна наплата на долгот, не се пресметува камата за секој ден задоцнување и не се издаваат решенија за забрана на користење на средствата на даночниот обврзик. Горенаведеното не е во согласност со член 53 и член 72 од Законот за даноците на имот;

Воспоставениот начин на администрирање на комуналната такса за користење простор пред деловни простории влијае на целосната, точната и навремената наплата на приходите по овој основ што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите.

**Препорака**

Одговорните лица во Општината да преземат мерки и активности за:

- вршење на увид на лице место и изготвување на записник со скица за бараниот простор за вршење на дејноста од страна на службеното лице;

- издавање на опомени за неплатените долгови и пресметување и наплата на камата на износот на комунална такса за користење на простор пред деловен простор што не е платен во пропишаниот рок согласно законските одредби.

4.2.5. Во текот на 2021 година остварени се приходи по основ на комунална такса за привремен престој во износ од 247 илјади денари. Согласно Законот за таксата за привремен престој, вршителите на угостителската и туристичката дејност се должни, наплатената такса за привремен престој во износ од 40 денари дневно да ја уплатат до 15-от ден во тековниот месец за изминатиот месец. По спроведените интервјуа и извршениот увид во приложената документација го констатиравме следното:

- не е воспоставена соодветна евиденција на обврзници кои согласно Законот имаат обврска да плаќаат такса за привремен престој;
- не се презентирани докази/документација со кои ќе се потврди дека е извршен надзор од страна на Општината за точниот број на туристи, предвидено со член 10 од Законот за таксата за привремен престој. Имено, комуналниот инспектор во период од 2 до 3 месеци врши теренска инспекција во туристичките книги на обврзниците но не составува писмен записник за истото, поради што не постои доказ дека извршените уплати соодветствуваат со бројот на туристи евидентирани кај вршителите на угостителската и туристичката дејност, што не е во согласност со член 82 од Законот за инспекциски надзор;
- од страна на Советот не е донесена Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност за подобрување на условите за престој што не во согласност со член 9 од Законот за таксата за привремен престој, што влијае на наменското користење на средствата прибирани по овој основ.

Горенаведените состојби влијаат на точната, целосната и навремената наплата на приходите по овој основ што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите.

**Препорака**

Одговорните лица во Општината како и лицата задолжени за вршење на надзор кај вршителите на туристичка и угостителска дејност да ги преземат следните активности:

- писмено документирање на извршените надзори над наплатата на таксата за привремен престој кај субјектите даватели на угостителски услуги и
- донесување на посебна Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност од страна на Советот.

4.2.6. Советот на Општината носи Програма за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Штип, каде е утврдена висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште по населби и зони. Во текот на 2021 година издадени се 47 решенија за утврдување на надоместок и наплатени се приходи во износ од 66.383 илјади денари. Со член 59 став 12 од Законот за градење и Програмата, предвидена е можност за плаќање на надоместокот на рати, а во договорите за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште е предвидено истите да бидат солемизирани на нотар и да претставуваат извршна исправа за наплата на целиот износ доколку обврзникот задоцни со плаќање на било која рата повеќе од 10 дена.
Со извршениот увид во приложената документација и начинот на реализација на програмата констатиравме дека до денот на вршењето на ревизијата 6 обврзници не го плаќаат навремено надоместок во износ од 3.006 илјади денари, а од страна на Општината не се преземени активности за наплата на истите. Имено до должниците не се доставуваат опомени за заостанатите рати, не се преземени мерки за присилна наплата и не се пресметува казнена камата по основ на доспеаните рати. Наведеното не е во согласност со член 4 и член 5 од договорите за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште и постои ризик да се изградат објектите без целосно подмирување на надоместокот.

Наведените состојби влијаат на целосната и навремената наплата на приходите по овој основ што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите и создаваат ризик од нереализација на дел од планираните активности за капитални инвестиции за уредување на градежно земјиште за кои наменски се употребуваат овие средства а дел од инвеститорите на кои им е овозможено плаќање на рати се ставени во поповолна положба.

**Препорака**

Одговорните лица задолжени за имплементирање на Програмата за уредување на градежно земјиште да преземат активности за доставување на опомени до должниците кои доцнат со плаќањето на надоместокот, преземање на мерки за присилна наплата и пресметување на камата на ненавремено платениот надоместок.

4.2.7. Согласно член 24 и 25 од Законот за јавна чистота и Програмата за одржување на јавната чистота за 2021 година, Општината наплаќа надоместок за одржување на јавна чистота преку ЈП формирано за вршење на оваа дејност. Согласно точка 3 од Програмата, наплатата на надоместокот од крајните корисници ќе се врши со доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во која надоместокот е прикажан одвоено, а наплатените средства се приход на буџетот на Општината и се

користат за финансирање на Програмата. ЈП до Општината доставува месечни ситуации за извршени активности по Програмата. Со Програмата вкупните годишни приходи по овој основ се планирани во износ од 17.556 илјади денари. Со извршениот увид во начинот на реализација на Програмата и приложената документација констатиравме дека ЈП на сметката на Општината за девет месеци има уплатено 9.789 илјади денари, што претставува 56% од планираните приходи со Програмата. Од друга страна, Општината не располага со податок за вкупниот фактуриран износ до крајните корисници за собирање и транспортирање на комуналниот отпад, нема воспоставено механизам за следење на наплатата.

Горенаведеното влијае на целосната и навремената наплата на приходите, не е во согласност член 37-б од Законот за буџетите и создава ризик од нереализација на дел од планираните активности со оваа Програмата.

**Препорака**

Одговорните лица задолжени за имплементирање на Програмата за одржување на јавна чистота да преземат активности за воспоставување на механизам за следење на вкупниот фактуриран износ и наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота.

4.2.8. Во текот на 2021 година Општината нема остварено приходи од комунална такса за користење на музика во јавните локали и комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории. Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за комуналните такси и тарифните броеви 5 и 6 од Тарифата за комунални такси како и Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси донесена од Советот на Општината, каде што е утврден износот на комуналната такса по овие основи[2] и влијае на целосната и навремената наплата на приходите што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите.

**Препорака**

Одговорните лица на Општината да преземат мерки и активности за наплата на комуналната такса за користење на музика во јавните локали и комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории.

4.2.9. Општината во текот на 2021 година по основ на комунална такса за користење

[2] Комунална такса од шест илјади денари годишно за користење музика во јавните локали и комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надовор од деловните простории во износ од една илјада денари годишно за физички лица и две илјади денари годишно за правни лица

на просторот за паркирање има наплатено 1.225 илјади денари врз основа на четири договори со правни лица за закуп на простор за паркирање. Согласно член 5 став 5 од Законот за комуналните такси, оваа такса се утврдува во процентуален износ од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање. Со извршениот увид во начинот на реализација на договорите и приложената документација го констатиравме следново:

- во три договори начинот на плаќање е регулиран како месечен или годишен надоместок за користење на просторот. Во два од овие три договори покрај годишниот надоместок предвидено е и надоместок за комунална такса во висина од 20% од цената на наплатените билети за паркирање, но процентуалниот дел не се фактурира поради тоа што паркинзите не доставуваат извештаи за бројот на продадени билети и наплатениот износ;
- ЈП формирано од Општината е корисник на простор за паркирање, за што доставува годишен извештај во однос на бројот и износот на наплатени билети, а согласно извештаи од 2019 и 2020 година, по овој основ уплатен е износ од 809 илјади денари, но општината нема увид во целосноста на приходи кои треба да ги наплати по овој основ.

Горенаведените состјби не се во согласност со член 5 став 5 од Законот за комунални такси и член 37-б од Законот за буџетите и влијаат на целосното и навременото наплаќање на приходите по овој основ.

**Препорака**

Одговорните лица во Општината да преземат мерки и активности за обезбедување на бројот на продадени паркинг билети од страна на правните лица кои стопанисуваат со јавен простор за паркирање и наплата на комуналната такса по овој основ.

4.2.10. Со Законот за градежно земјиште предвидено е отуѓување на градежното земјиште сопственост на РСМ преку електронски систем за јавно наддавање. Средства се уплаќаат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка, а приходите се распределуваат во сооднос 20% за Буџет на РСМ и 80% за општините.

Согласно член 77 од наведениот закон, сопственикот на градежното земјиште стекнато по пат на јавно наддавање, врз основа на склучениот договор за отуѓување не смее истото да го пренесе на трети лица, пред исполнување на договорните обврски со општината.

Предвиден е рок за исполнување на договорот, кој е солемнизиран и преставува извршна исправа. За неисполнување на обврската од договорот за отуѓување на градежно земјиште предвидени се правни механизми/лекови, уредено со член 75 од наведениот закон.

Поради обемноста и сложеноста на документацијата во постапките извршивме анализа на два предмета за спроведена постапка за отуѓување на градежното земјиште во Општината. Констатирано е дека и покрај тоа што се истечени роковите за изградба во 2021 година, не се преземени активности за наплата на договорните казни, а по паѓање на купувачот во задоцнување со исполнување на обврската три месеци последователно не е побарана потврда за извршност што е причина за раскинување на договорот и наплата на 80% од вкупната сума од извршеното отуѓување во износ од 409 илјади денари, што не е во согласност со член 75 и 77 од Законот за градежно земјиште.

Дотолку повеќе што по доставено барање, Општината во текот на 2021 година има издадено решение за промена на инвеститор со што правото за градење е пренесено на трето лице на кое е запишано правото на сопственост на објектот, а додека градежното земјиште останало во сопственост на купувачот со што се исклучуваат механизмите на правна заштита на Општината предвидени во договорот. Констатиравме дека на истиот купувач од продадени 22 градежни парцели, за 14 се издадени одобренија за промена на инвеститор пред исполнување на договорните обврски. Со увид на официјалната страна на Агенцијата за катастар на недвижности, може да се констатира дека на територијата на Општината, има повеќе случаи каде едно правно лице се јавува како сопственик на градежно земјиште, а други лица сопственици на изградените објекти на истото, што упатува на воспоставена пракса.

Ваквото постапување ги става во нерамноправна положба потенцијалните учесници на јавното наддавање во однос на условите за учество и обврските кои треба да ги исполнат и ја доведува во прашање вистинитоста на информациите во јавната објава, ја намалува конкуренцијата и создава ризик од постигнување на пониски цени на земјиштето на јавното наддавање што влијае на висината на приходите кои Општината ги наплаќа по овој основ.

**Препорака**

Одговорните лица во Општината кои се вклучени во процесот на продажба на градежно неизградено земјиште во сопственост на РСМ да ги преземат следните активности:

- да не се дава одобрение за промена на инвеститор во случаи кога е во важење договор за отуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање кој не е исполнет;
- да се воспостават механизми за обезбедување почитување на одредбите од склучените договори од страна на купувачите на земјиштето.

4.2.11. Согласно Законот за животна средина, Општината е надлежна за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола на правните лица- оператори со инсталации чии активности имаат ефект врз загадувањето на животната средина, поради

што се должни да плаќаат надоместок[3]. Пресметување на надоместоците се врши врз основа на податоци од годишните извештаи за влијанието на животната средина кои операторите со инсталациите треба да ги доставуваат до Општината, а формулата за пресметка е утврден со Уредба[4] донесена од Владата на РСМ. Во периодот од 2012 година до 2021 година од страна на Општината издадени се 14 Б-интегрирани еколошки дозволи а во годината предмет на ревизија по овие основи евидентирани се приходи во износ од 220 илјади денари. Со извршениот увид во приложената документација ревизијата ги констатира следниве состојби:

- не се преземаат активности за обезбедување на известувања од операторите со инсталации за количината на загадувачките супстанции кои се наведени во дозволата, а за кои во Уредбата е предвидена различна висина на надоместокот. Поради тоа, иако можат да имаат значајно влијание, при пресметување на годишниот надоместок истите не се вкалкулирани, односно надоместокот се утврдува врз основа на историски податоци обезбедени при издавањето на дозволата;
- воспоставена е пракса на дел од операторите со инсталации повремено или воопшто да не им се пресметува надоместок за годишно поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола за период на поседување на дозволата. За 2021 година не е пресметан надоместок за 8 оператори со инсталации;

Воспоставениот начин на изготвување на пресметки не обезбедува услови за плаќање на реален надоместок за поседување дозвола на оние инсталации кои предизвикуваат загадување на животната средина и влијае на точната, целосната и навремената наплата на приходите по овој основ. Утврдените состојби не се во согласност со член 129 од Законот за животната средна и член 37-б од Законот за буџетите.

**Препорака**

Одговорните лица во Општината вклучени во процесот на издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи и пресметка на надоместоците пропишани со Законот за животна средина да ги преземат следниве активности:

- обезбедување на годишни извештаи за количината на емитувани супстанции од операторите со инсталации и користење на овие податоци при пресметка на годишниот надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола.
- пресметка на годишниот надоместок на сите оператори со инсталации.

3 Надоместок при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола, надоместок при поднесување на барање за измена или пренос на Б-интегрирана еколошка дозвола, надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола, која се плаќа годишно и надоместок за редовен надзор на инсталацијата, во согласност со условите во Б-интегрираната еколошка дозвола.

4 Уредба за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите за инсталациите кои вршат активности за кои се издава Б – интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на РМ 117/2007 и 64/10).

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Со извршениот увид во сметководствената и даночната евиденција на побарувањата кои во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година изнесуваат 130.213 илјади денари, ги констатиравме следниве состојби:

- постои неусогласеност помеѓу двете евиденции, од причина што воспоставена е пракса побарувањата по основ на даноци, комунални такси и надоместоци да се евидентираат во сметководствената евиденција збирно на крајот на годината и не се земаат предвид евентуалните измени, корекција или сторно на решенијата евидентирани во даночната евиденција. Имено, во даночната евиденција по основ на побарувања за локални даноци, такси и надоместоци евидентирани се побарувања на износ повисок за 7.654 илјади денари од побарувањата евидентирани во сметководствената евиденција. Оваа состојба не е во согласност со член 2, член 6 став 2 и член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- имајќи предвид дека побарувањата по основ на локални даноци, такси и надоместоци во сметководствената евиденција се евидентираат збирно на крајот од годината извршивме анализа на старосната структура на податоците во даночната евиденција при што утврдивме дека евидентирани се побарувања за неплатени даноци се 49.344 илјади денари, од кои 14.272 илјади денари се постари од пет години и побарувања за неплатени комунални такси во износ од 68.264 илјади денари, од кои 48.893 илјади денари се постари од две години. Овие побарувања се застарени и постои ризик од апсолутна застареност на истите. Од друга страна, не се преземени активности за присилна наплата на даночен долг и постои ризик дека Општината нема да ги наплати истите. Оваа состојба не е во согласност со член 53 од Законот за даноците на имот;
- евидентирани се побарувања по други основи во износ од 20.259 илјади денари од кои побарувања во износ од 19.279 илјади денари се постари од три години, за истите не се покренати постапки за наплата и постои ризик дека Општината нема да ги наплати. Наведената состојба влијае на целосната и навремена наплата на приходите, и не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите;
- во сметководствена евиденција не се евидентираат побарувања по основ на издадени решенија за продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РСМ, а за што во текот на 2021 година остварени се приходи во износ од 3.165 илјади денари. Оваа состојба не е во согласност со член 2 и член 6 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Поради горенаведеното со деловните книги не е обезбедена еднообразна

евиденција која може да обезбеди согледување на состојбата на побарувањата на Општината и има влијание врз точноста и вистинитоста на искажаните податоци во Билансот на состојба и целосната наплата на приходите.

**Препорака**

Одговорните лица во Општината да ги преземат следниве активности:

- усогласување на состојбите во сметководствената и даночната евиденција;
- преземање на мерки за наплата на ненаплатените побарувања;
- евидентирање на побарувања за сите видови на приходи кои ги остварува Општината.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основа за изразување мислење, во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, се однесува на:

- слабости при пресметка и наплата на комунална такса за фирма, комунална такса за користење на просторот пред деловните простории на правните лица и комунална такса за користење на простор за паркирање;
- слабости при проценка и наплата на даноците на имот во делот на процена на пазарната вредност на имотот;
- слабости во постапувањето со поднесените барања за утврдување на статус на бесправно изградени објекти;
- непреземени мерки за присилна наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште;
- нецелосна налата на надоместок за одржување на јавна чистота;
- непреземени активности за остварување на приходи од комунална такса за користење на музика во јавните локали и комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории;
- слабости при наплата на комунална такса за користење на простор за паркирање;
- слабости при пресметка и наплата на годишен надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола;
- неусогласеност помеѓу сметководствената и даночната евиденција во однос на побарувањата за локални даноци, такси и надоместоци, неизвесна наплата на побарувањата и непреземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата како и неевидентирани побарувања во сметководствената евиденција.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Штип на ден 31 декември 2021 година како и како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Штип за 2021 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кој имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

6.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за градот Скопје. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

6.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за Општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување.

Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни. Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од

нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Надоместок по основ на концесии**

6.3. Согласно член 76 од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања. Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата. Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина. Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на РСМ и 78% приход на буџетот на Општината на чие подрачје се врши концесиската дејност. И покрај тоа што, Општината располага со податоци за склучените договори за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на Општината, нема можност да се увери во целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ.

**Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот**

**6.4.** Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на РСМ и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во РСМ со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно , даночните обврзници во

општините се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела .

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на РСМ).

**Прифатени и коригирани неправилности од страна на Општината во текот на ревизијата:**

Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2021 година поради погрешно евидентирани побарувања по основ на данок на промет на недвижности и права. Нето ефект на корекциите е намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 56.431 илјади денари. Направени се следните корекции:

- позицијата Побарувања од граѓани се намали за 56.431 илјади денари;
- позицијата Пасивни временски разграничувања се намали за 56.431 илјади денари.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 240.851 | 154.633 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 6.980 | 4.382 |
| Капитални приходи | 3.3. | 33.955 | 16.915 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 106.109 | 92.077 |
| **Вкупно приходи** | | **387.895** | **268.007** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 77.646 | 65.655 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 45 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 98.043 | 77.511 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 222 | 259 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 45.975 | 24.884 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 54 | 63 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **221.985** | **168.372** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **118.323** | **71.032** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **1.911** | **1.911** |
| **Вкупно расходи** | | **342.219** | **241.315** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **45.676** | **26.692** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2021 ГОДИНА

во 000 ден

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 45.676 | 26.692 |
| Побарувања | 4.1.2. | 130.213 | 182.588 |
| **Вкупно тековни средства** | | **175.889** | **209.280** |
| **Вкупна актива** | | **175.889** | **209.280** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 175.889 | 209.280 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **175.889** | **209.280** |
| **Вкупна пасива** | | **175.889** | **209.280** |

# Известување за извршена проверка

**на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 13-67/1 од 21.01.2019 година за "Општина Штип"- сметка на основен буџет 630**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1 | 4.1.1 | Одговорното лице да преземе активности во функција на разграничување на надлежностите и функционирање на контролите во Одделението за администрирање со даноци и комунални такси, во процесот на утврдување на комуналните такси. | НС | | Препораката не е спроведена, Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |
| | 4.1.2 | Одговорното лице да преземе активности во функција на разграничување на надлежностите и функционирање на контролите во Одделението за администрирање со даноци и комунални такси. | НС | | Препораката не е спроведена, Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |
| | 4.2.1 | Одделението за буџетска координација планирањето на буџетските приходи и расходи, при изготвувањето на буџетот, да го темели на реалните состојби и можности | СП | Буџетот за 2021 година е изготвен врз основа на реализацијата од претходни години и | Препораката е спроведена. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | и на основа податоците за остварувањата во претходните години во функција на добро менаџерско управување. | | проценка на реалните состојби и можности. | |
| | | - Градоначалникот да предлага на советот на општината измени и дополнување на буџетот, во случај на отстапување на остварените од планираните буџетски приходи и расходи. | СП | Во текот на 2021 година Советот на општината има донесено три одлуки за измени и дополнувања на буџетот за 2021 година. | |
| | | - При неостварување на планираниот буџет надлежните служби да пристапат кон измена на буџетските програми. | СП | Со измените и дополнувањето на буџетот за 2021 година, остварени се приходи од 82% во однос на планираните буџетски приходи и реализираните расходи изнесуваат 78% од планираните во буџетот. | |
| | 4.2.2 | Одговорните лица да преземат мерки при спроведување на постапките за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ со | СП | Извршен е увид во поединечни предмети за отуѓување на | Препораката е спроведена. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | непосредна спогодба да се применуваат одредбите од Уредбата за висина на цената на градежното земјиште сопственост на РМ. | | градежно земјиште сопственост на РМ со непосредна спогодба, со што е констатирано дека се применуваат одредбите од Уредбата за висина на цената на градежното земјиште сопственост на РМ. | Со примената на одредбите од Уредбата за висина на цената на градежното земјиште сопственост на РМ, е обезбедена целосност и точност на приходите по овој основ. |
| | 4.2.3 | Одговорните лица во Општината да преземат мерки и активности за:<br>- издавање на опомени за неплатените долгови и пресметување и наплата на камата на износот на комунална такса за користење на простор пред деловен простор што не е платен во пропишаниот рок согласно законските одредби и<br>- вршење на увид на лице место и изготвување на записник со скица за бараниот простор за вршење на дејноста од страна на службеното лице. | НС<br><br>НС | | Препораката не е спроведена,<br>Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |
| | 4.2.4 | Одговорните лица во Општината да преземат мерки и активности за: | НС | | Препораката не е спроведена,<br>Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - извршување надзор над наплатата на таксата за привремен престој кај субјектите даватели на угостителски услуги.<br><br>- донесување на посебна Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност од страна на Советот. | НС | | |
| | 4.2.5 | Договорите за плаќање на комунален надоместок за уредување на градежно земјиште да се склучуваат во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште и да се врши редовна наплата по овој основ; | ДС | Советот на општината, има донесено Програмата за уредување на градежно земјиште за 2021 година, во која се предвидува можност за плаќање на надоместокот на рати. Од страна на општината не се преземаат активности за доставување на опомени до должниците кои доцнат со плаќањето на ратите.<br><br>Во текот на 2021 година се изготвени пресметки | Препораката е делумно спроведена.<br>За состојбите кои не се надминати, известуваме во овој Извештај.<br><br>Препораката е спроведена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - Правото на попуст за доградба-надградба да се применува само за објекти за кои градежното одобрение е издадено најмалку пред дваесет години.<br><br>- Одговорните лица во општината да ја преиспитаат точката 6 од Програмата за уредување на градежно земјиште кое се однесува на пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште за самостојни станбени објекти. | СП<br><br>НС | на трошоците за уредување на градежно земјиште во кој е искористено правото на попуст за надградба - доградба на објекти кои се стекнале со решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, за кои градежното одобрение е издадено најмалку пред дваесет години | Препораката не е спроведена,<br>Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |
| | 4.2.6 | Одговорните лица на општината да преземат мерки и активности за утврдување и наплата на комуналната такса за користење на музика | НС | | Препораката не е спроведена, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во јавните локали согласно законските одредби. | | | Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |
| | 4.2.7 | Одделението за администрирање со приходи да преземе мерки и активности за спроведување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси (Тарифен број 4) донесена од советот на Општина. | СП | Во текот на 2021 година општината издава решенија за утврдување на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси (Тарифен број 4) донесена од советот на Општина. | Препораката е спроведена, |
| | 4.3.1 | Одговорните лица во општината да преземат активности и мерки за реално прикажување на податоците во деловните книги и спроведување на попис на побарувањата согласно законските и подзаконските акти, како и за наплата на побарувањата за кои постои законски основ. | НС | | Препораката не е спроведена,<br>Состојбата не е променета, за што известуваме во овој Извештај. |
| | 4.3.2 | Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Штип доследно да ги почитува законските одредби од Законот за | СП | Во 2019 година општината има спроведено постапка за | Спроведувањето на постапка за давање под закуп на општински |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | користење и располагање на стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост, при спроведување на постапка за давање под закуп на општински имот. | | давање на времено користење на недвижни ствари – деловен простор на АХВ Скопје, согласно Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост. | имот согласно законските одредби го намалува ризикот од помалку остварени приходи по овој основ. |

***СП**-спроведена, **ДС**- делумно спроведена, **ВТ**- во тек, **НС**- не спроведена, **НП**- не применлива